*М. Соколоски*

# ДЕРВЕНЏИСТВОТО ВО ОХРИДСКИОТ САНЏАК ВО ВТОРАТА ПОЛОВИНА ОД XVI ВЕК

Со проблемот за древенџијството во Македонија се има опстојно бавено другарот Александар Стојановски, научен соработник при Институтот за национална историја на СРМ. Овој проблем беше и тема на обработка во неговата докторска дисертација. Бидејќи А. Стојановски поради недостаток на архивска документација за Охридскиот санџак не беше во состојба да го опфати дервенџијството и на тој терен, затоа нашиот труд ќе претставува едно надополнување на неговата докторска дисертација.[1])

Опширниот пописен дефтер (Taĥrir mufassal defteri) № 25 за Охридскиот санџак од 1582 година[2]) со којшто ние располагаме, ни дава можност да ги проследиме дервенџијските села во Охридската и Преспанската нахија, како и во нахиите: Жупа, Река, Долни Дебар, Дебарца, Мокра и Гора. Според податоците од овој дефтер ние гледаме дека во Охридскиот санџак биле опфатени 6 кази со фкупно 22 нахии. Од тие 22 нахии само седум се воглавно на територијата на СРМ, додека останалите се воглавно во Албанија.

Пописот на Охридскиот санџак бил даден во два тома (Džild). Во првиот том се опфатени следните кази и нахии:

1. Охридската каза со своите три нахии: Охридска, Преспанска и Дебарца;
2. Казата Старова со нахиите: Гора и Мокра;
3. Дебарската каза со нахиите: Долни Дебар, Горни Дебар, Жупа и Река.

Во вториот том биле опфатени две нахии — Долно Брдо и Черменци што спаѓале во Дебарската каза, потоа:

---

[1]) Александар Д-р Стојановски, — „Дервенџиството во Македонија", Гласник на Институтот за национална историја на СРМакедонија, Год. VII, бр. 2, Скопје 1964, стр. 115—163. Продолжение во Гласник на ИНИ Год. VIII, бр. 1, 1965 стр. 101—137. Методија Соколоски, „Дервенџиските села во Велешката нахија од 1460—1544". Гласник на ИНИ, Год. IV бр. 1—2, 1960, стр. 171—197.

[2]) Точниот наслов на овој дефтер гласи — „Defter-i mufassal Liva-i Ohri, cild el-evvel", заведен под № 25. Дефтерот го има снимено другарката Паликрушева Галаба во Анкара. Филмот се чува во Државната архива на СРМ.

4. Казата Мат, — со една истоимена нахија;

5. Казата Акче Хисар со седум нахии, меѓу кои нахиите: Курбино, Малесија Тамадија, Карли Или др.

6. Казата Ишим или Ишми со три нахии[3]).

Ние располагаме со микрофилм и фотокопии само од првиот том и заради тоа во нашиот труд ќе биде исползуван само материјалот од првиот том со посебен акцент на древенциските села што се претежно денеска на територијата на С. Р. Македонија.

Дефтерот има и канунаме за Охридскиот санџак кое се наоѓа на пагинираните страници под број 11 и 12.

Во споменатите осум нахии од првиот том се регистрирани вкупно 43 дервенциски села и тоа: Во Охридската нахија 14, во Преспанската 5, во Нахијата Жупа 1; во Нахијата Река 6, во Нахијата Долни Дебар 3, во Нахијата Дебарца 4, во Нахијата Мокра 9 и во Нахијата Гора 1.

Во самото канунаме за Охридскиот санџак што се наоѓа во дефтерот во врска со дервенциските села и обврските на населението на тие села се говори за тоа, дека женетите и неженетите, а работоспособни, давале по 10 акчи на име испенџе. Покрај тоа само женетите давале уште по 1 1/2 стамболско (цариградско) киле пченица и по 1 1/2 киле мешано жито (се мисли на 'рж, јачмен, овес и сл.), како и пристојба за свадбарина и нијабет. Доколку во селото ќе се носело вино однадвор се земало за секој товар по 2 акчи такса за вино. Оние пак селани што притежавале сопствени лозја биле должни да му даваат на спахијата тимариот десеток од шира (Öşr-ü şire). Ако некои селани од дервенциските села по време на пописот биле настанети во некои други села, од нив се земале во потполност сите видови давачки како и од населението на оние села што не биле дервенциски.

Во канунамето уште во самиот почеток се говори за тоа, дека во Охридскиот санџак како основна мерка за житарици било „цариградското киле", така што 6 такви кила чинеле еден товар[4]).

Споредувајќи го она што е пропишано во самото канунаме, со содржината на текстовите што следат след секое дервенциско село, забележуваме дека место мерката, односно, количината од 1 1/2 цариградско киле пченица и исто толку јачмен, скоро на секаде е заведено дека се давало „еден денк" жито, од кое едната половина пченица а другата половина мешано (Birer denk galle nisifi kendim ve nisifi mahlut). Тоа значи дека мерката за житарици наречена „денк" изнесувала три цариградски (стамболски) кила или 60 ока, односно, околу 75 килограми.

По однос даваната количина житарици, како и износот на сумата за давање на име испенџе од страна на селаните во дервенциските села, ние гледаме дека во некои дервенциски села имало отстапувања од она

---

[3]) Defter-i mufassal Livai Ohri, № 25 — фотокопија бр. 12.

[4]) За Охридскиот Санџак досега се објавени две канунамиња. Едното од О. L. Barkan во неговата публикација — „XV ve XVI-inci asirlarda Ocmanli Imperatorlugunda zirai ekonominin hukuki ve mali esaslari", Birinci cild — Kanunlar. Istanbul 1943, стр. 292—296. Второто канунаме е објавено во превод и латинска транскрипција од Душанка Бојаниќ во Гласник на ИНИ, год. III, бр. 1— Скопје 1959, стр. 285—295. За двете објавени канунамиња авторите велат дека се од 1613 година.

што било пропишано во самото кануннаме за Охридскиот санџак. Така на пример за дервенџиското село Боровец во Охридската нахија во дефтерот е регистрирано дека од женетите и неженетите на име испенџе се земало по 15 акчи, а само од женетите уште по „еден товар" жито, од кој едната половина пченица а втората половина мешано. При проверката на самите регистрирани имиња во дефтерот, констатиравме дека во тоа село имало вкупно 30 женети (muzevvec) задолжени со 15 товари пченица и 15 товари мешано. Од тука јасно се гледа дека женетите давале по еден денк пченица и по еден денк мешано за да се добие вкупна количина во износ од 15 товари пченица и 15 товари мешано[5]). Одовдека произлегува дека за цервенџиското село Боровец не важело она што било предвидено во Законот (кануннамето) за Охридскиот санџак т. е. секој женет да дава по 1 1/2 цариградско киле пченица и по 1 1/2 киле мешано, зошто во дефтерот е внесена двојно поголема количина. Имено, според кануннамето за 30 регистрирани женети лица требало да биде внесена количина од 45 кила пченица и исто толку мешано, или прорачунато во товари по 7 1/2 товари пченица и 7 1/2 товари мешано. Меѓутоа, таму се внесени 15 товари пченица и исто толку мешано. За ова село не важело ни она што е прописано за износот на испенџето во самото кануннаме т. е. како женетите така и неженетите дервенџии да му даваат на спахијата-тимариот годишно по 10 акчи. Во самиот текст под селото во дефтерот стои дека тие биле должни на име испенџе да даваат по 15 акчи. Така на пример во пописот на ова село се регистрирани вкупно 72 женети и неженети, помножено со 15, дава вкупно 1080 акчи, колку што е и заведено во самиот дефтер при сумирањето на сите приходи што му следеле на спахијата во чијашто тимар спаѓало и ова село[6]). Зошто е ова отстапување од она што било прописано со самиот Закон за Охридскиот санџак, од податоците во дефтерот за тоа село не може да се разбере. Меѓутоа, податоците што ги среќаваме во едно друго село може би, ќе ни помогнат да ја согледаме причината за тоа отстапување од самиот Закон. Во текстот след селото Буково кое спаѓало во Преспанската нахија меѓу другото стои дека ова село и порано било дервенџиско. Но поради тоа што дервенџиската служба на населението од ова село била лесна (hizmetleri hafif olup); затоа женетите и неженетите на спахијата му давале по 15 акчи годишно на име испенџе, а само женетите уште и по еден товар жито, од кој половина пченица и половина мешано[7]). Одовдека сосема јасно се гледа зошто населението од ова дервенџиско село давало поголема сума на име испенџе, како и двојно поголема количина житарици од онаа што е инаку во самиот Закон предвидена.

Посебно внимание заслужаваат и податоците што ги среќаваме во текстот кај селото Лавтарче (точно така е напишано), кое спаѓало во Охридската нахија. Ова село се наоѓало негде во близината на селото Дебовјани. Селаните-дервенџии од ова село биле должни да го чуваат мостот на реката Дрим наречен „мост на Охри-заде", како и местноста

[5]) Defter-i mufassal Liva-i Ohri —№ 25, фотокопија бр. 26 и 27.
[6]) Ibid.
[7]) Цитираниот дефтер фотокопија бр. 62 и 63.

„Тунице". Поради тоа што службата им била лесна затоа испенџето и десетокот (ušur) го давале во потполност како и останалата раја којашто не била дервенџиска. Тоа значи дека женетите и неженетите на име испенџе давале годишно по 25 акчи, а од житариците се земал ушур во целост, а не по еден денк (три цариградски кила), или по еден товар; пченица и мешано, како што веќе сретнавме во податоците за поедини дервенџиски села. Во ова село се регистрирани вкупно 49 женети и неженети. При сумирањето на годишните приходи на спахијата од ова село на име испенџе е внесена сума во износ од 1225 акчи[8]). Ако вкупниот износ на испенџето се подели со бројот на женетите и неженетите се добива сума во износ од 25 акчи, којашто бил должен да ја даде секој, женет и неженет. Понатака се дадени количините на житарици искажани во товари и проценети во акчи на пр. за пченица, јачмен, 'рж, овес, граор, како и уште други 8-9 разни пристојби меѓу кој пристојби за свињи, за лен, за улишта, за бостан, за свадбарина, за пасишта и др. Од сето ова сосема јасно се гледа дека населението од ова дервенџиско село ги давало во потполност сите давачки што му следеле на спахијата-тимариот. Со други зборови за вршењето на дервенџиската служба или должност било ослободено само од редовните и вонредните државни намети наречени „Avariz-i divaniyye ve tekâlif-i örfiyye"[9]).

Овие два примери со селата Буково и Лавтарче каде што е изрично нагласено зошто населението давало испенџе и житарици во поголем износ од она што било пропишано во самиот Закон за Охридскиот санџак, ни овозможуваат да си ги објасниме сличните појави што се среќаваат во другите дервенџиски села како што се: Јабланица, Лубаниште, Дебовјани, Збажди, Трпезица — сите во Охридската нахија. Населението од последните пет цитирани дервенџиски села на спахијата му ги давало во потполност сите давачки без никакво намаление како и населението од недервенџиските села. Единствената привилегија им била таа што биле ослободени од државните намети.

Во Охридската нахија од вкупно 14 дервенџиски села само 7 села даваат испенџе и житарици според висината предвидена во самото канунname и тоа селата: Бигор, Луково, 'Ржани, Металец, Сирула, Стеблево и Завој. Едно село, а тоа е Боровец, на име испенџе и житарици дава во поголем износ од пропишаното во кануннамето, додека останалите 6 села: Јабланица, Лавтарче, Лубаниште, Дебовјани, Збажди и Трпезица како испенџето така и сите останалите давачки што му следеле на феудалниот господар му ги давале во потполност.

Во Преспанската нахија од 5 дервенџиски села, четирите ги исполнуваат обврските предвидени во кануннамето, а тоа се селата: Лева Река, Петрино, Исток и Галичица. За петтото дервенџиско село Буково ние веќе порано нагласивме дека на име испенџе женетите и неженетите давале по 15 акчи, а што се однесува до житариците давале само женетите по еден товар, од кој половина пченица и половина мешано.

---

[8]) Цитираниот дефтер, фотокопија бр. 32 и 33.

[9]) Поопстојно за државните намети наречени „Avariz-i divaniye ve tekalif-i örfiye" види кај д-р Бистра Цветкова во нејзината студија, „Извънредни данъци и държавни повиности в българсите земи под турска власт", издание на БАН, Софија 1958

Во Нахијата Жупа е регистрирано само едно дервенџиско село, тоа е селото Јанборија. Населението од ова село било задолжено да дава за крепоста Коџаџик по 1000 штици и 50 греди годишно. Што се однесува до давачките на спахијата-тимариот тие биле должни да му ги даваат во потполност без никакво намаление[10]).

Во Нахијата Дебарца по ова време имало 4 дервенџиски села и тоа: Јаворче[11]), Црвена вода, Турје и Ботун. Првите три села биле и порано дервенџиски и на спахијата-тимариот му давале на име испенџе по 10 акчи, а женетите уште и по еден денк жито од кое половината пченица и втората половина мешано, што значи нивните обврски се совпаѓаат со она што било предвидено во самото каннунname. Меѓутоа со селото Ботун не е ист случај т. е. населението од ова дербенџиско село било ослободено само од редовните и вонредните државни намети, додека обврските кон спахијата ги исполнувало во потполност како и оние села што не биле дервенџиски. Населението од ова село имало за должност да го одржува патот по течението на реката Требишна, којашто правела многу големи штети, и тоа од местото каде што бил „Мостот на јаничарите" па се до јазот на воденицата што ја направил и увакуфил Охри-заде.

Во Нахијата Река којашто спаѓала во Дебарската каза во дефтерот се регистрирани 6 дервенџиски села и тоа: Лазарополе, Долно Косоврасти, Гари, Нашенци, Галичник и Волковија. Давачките на сите овие села се сообразени со она што е пропишано во самото канунname за Охридскилт санџак.

Ист е случај и со дервенџиските села Полач, Махор и Градевиште во Нахијата Долни Дебар.

На територијата на Нахиите Гора и Мокра коишто спаѓале во Казата Старова во денешна република Албанија се регистрирани вкупно 125 населби од кои 9 мезри, и тоа во нахијата Гора 65 села и 5 мезри, а во Нцахијата Мокра 51 село и 4 мезри. Општиот поглед на називите на населените места како и на регистрираните лични имиња при пописот укажува на тоа дека голем број од тие називи и лични имиња се од словенско потекло. Впечатлива е појавата на исламизацијата на немуслиманскиот елемент во овоие две нахии. Опстојното проучување и проследување на овие појави во нивниот поранешен и подоцнежен развој секако би довело до некои интересни и важни заклучоци во врска со развојниот пат на населбите од овој терен и особено со движењето на етничкиот состав на населението, поврзувајќи го и со населбите и населението од соседните нахии. Што се однесува до дервенџиските села во овие две нахии, регистрирани се вкупно 10, и тоа: во нахијата Гора само 1, а во Нахијата Мокра 9.

Единственото дервенџиско село во Нахијата Гора е Брагус.[12]). За ова село во дефтерот стои дека уште од порано било дербенд, дека женетите и неженетите на спахијата му давале по 10 акчи секоја година

---

[10]) Цитираниот дефтер — фотокопија бр. 175.

[11]) Точно така е напишано во дефтерот. Можеби е во прашање селото Јаворец во Кичевско.

[12]) Цитираниот дефтер, фотокопија бр. 79.

на име испенџе, а само женетите уште по еден денк житарици, од кои едната половина пченица а другата мешано. Населението било должно да ја чува месноста наречена „Калабак каја" што се наоѓала во опасниот дербенд на патот што водел од Битола преку Белград за Авлона (Валона). За таа своја должност населението било ослободено од државните намети наречени „Avariz-i divaniyye ve tekalif-i örfiyye". При пописот се реги-регистрирани вкупно 84 жители од кои 66 старешини на домаќинства и 18 неженети. Од вкупниот број на регистрирани жители 46 лица се муслимани од кои околу 33 се исламизирани немуслимани, што е како појава доста карактеристична. Меѓу давачките на спахијата се среќаваат: испенџе во износ од 840 акчи годишно, што значи дека како муслиманите така и немуслиманите на име испенџе плаќале по 10 акчи што е како појава доста карактеристична зошто муслиманите не плаќале испенџе. Што се однесува до количината на житериците, таа наполно се совпаѓа со она што е предвидено и во самото кануннаме, 66 женети се задолжени да дадат по 16 1/2 товари пченица и по 16 1/2 товари мешано. Покрај тоа населението е задолжено уште со 300 акчи на име „такса за вино" (bac-i hamr), со 30 акчи на име пристојба за воденици т. е. за две воденици коишто работеле по половина година, потем со 60 акчи за пасишта како и со 384 акчи на име — нијабет, свадбарина, пољачина и такса за тапија на земја.

Во нахијата Мокра од вкупно 55 регистрирани села и мезри, 9 од нив се дервенџиски или секое шесто село е дервенџиско. Од тие девет села има неколку кои не сме во состојба сосема точно да ги дешифруваме и прочитаме во овој момент, поради што во фусноти ке одбележиме како уште би можеле тие села да се прочитаат.

Најнапред е регистрирано дервенџиското село Дардас.[13]). Ова село уште од порано било дервенџиско. Селото е прикрепено кон феудално лено наречено зеамет. На притежателот на зеаметот секоја година му давале по 10 акчи на име испенџе, а женетите и по еден денк жито, од кое половината пченица и половината мешано. Покрај тоа давале уште ушур од вино, нијабет и пристојба за свадбарина. За тоа каква дервенџиска служба вршеле во дефтерот нема податоци. При пописот се регистрирани 18 домаќинства (hane), 9 неженети и 3 баштини. Во ова село не е регистриран ниеден муслиманин. Меѓу давачките покрај испенџето, житариците, свадбарината и нијабетот се среќаваат уште и пристојби за воденици, пасишта и пољачина.

Второто дервенџиско село во Нахијата Мокра е Червенак[14]). Населението од ова село се обврзало да го расчисти, отвори и подобри тешко-проодниот пат кој водел од равнината Мумлишта па се до клисурата Мокра и, понатака, редовно да го одржува и поправа. Заради таа своја обврска населението било ослободено од државните редовни и вонредни намети, како и од давање веслари. Што се однесува до обврските кон спахијата, како женетите исто така и неженетите давале по 15

[13]) Цитираниот дефтер, — фотокопија бр. 101. Би можело да се прочита ова село и како „Вардаш".
[14]) Ibid.

акчи на име испенџе, а само женетите уште по еден тофар жито од кој половината пченица и половината мешано. При пописот се регистрирани 12 старешини на домаќинства и 4 неженети. Од самите лични имиња се гледа дека населението од ова село било словенско. Што се однесува до обврските кон спахијата по однос на житариците ние гледаме дека се двојно поголеми од она што било пропишано со канунномето, а испенџето е зголемено за 50%.

Наредното дервенџиско село во Нахијата Мокра е с. Пренас[15]). Во што се состојала дервенџиската должност на населението од ова село во дефтерот нема сведенија. Што се однесува до обврските кон спахијата тие во потполност се совпаѓаат со она што било предвидено во самото каннунname. Паѓа в очи дека населението било задолжено со релативно голема количина ушур од вино (ösr-ü Sire) која изнесува 101 медра или проценета во акчи 606 акчи. Ова говори дека лозарството во атарот од ова село било доста развиено. При пописот се регистрирани 64 старешини на домаќинства, потоа 14 неженети и 6 баштини. Со исклучок на тројца муслимани, останалите скоро сите се Албанци.

Едно од доста големите дервенџиски села во нахијата Мокра е селото Бабино[16]). При пописот се регистрирани 130 домаќинства, 15 неженети и 1 баштина. Меѓу регистрираните имиња има само еден муслиманин којшто е в сушност исламизиран. Од самите лични имиња се гледа дека населението е воглавно албанско. Должноста на населението од ова дервенџиско село била да чува една месност во планината, наречена „П-т-р-и М-а-р-д" која што се наоѓала на патот што води од Охрид за Елбасан. Во текстот што следи непосредно след селото е нагласено дека на спахијата имало да му се дава по 10 акчи на име испенџе како и по еден денк жито т. е. онаа количина што е предвидена и во самото канунname за Охридскиот санџак. Како и во претходното село и овде паѓа в очи релативно голема количина на вино што требало на име ушур да му се даде на спахијата, а која изнесува 200 медри или 1200 акчи.

За наредното дервенџиско село Чевре[17]), во Нахијата Мокра, е нагласено дека било стар дербенд. Што се однесува до обврските кон спахијата, тие наполно се совпаѓаат со предвидениот износ и количина во самото канунname. Како и сите дервинџиски така и овие биле ослободени од редовните и вонредните државни намет наречени „Avariz-i divaniye ve tekalif-i örfiyye". Регистрирани се 64 домакинства и 8 неженети, сите Албанци.

Наредното дервенџиско село во Нахијата Мокра не сме во состојба правилно да го дешифруваме и прочитаме и затоа го предаваме под прашалник како Меложде[18]), Во текстот под самото село се говори за тоа дека ова село и порано било дербенд и дека не се наоѓало на пат каде што минавале караваните. Тие чувале една месност која се викала

[15]) Цитираниот дефтер, фотокопија бр. 102.
[16]) „ „ , — фотокопија бр. 104.
[17]) „ „ , — фотокопија бр. 108.
[18]) „ „ , — фотокопија бр. 112. Не сме сигурни дека е точно прочитано. Би можело да се прочита и како Меломожде или Мерможде.

„Јама" а се наоѓала на патот што водел покрај самото езеро. Во дефтерот е изрично нагласено дека нивната служба била лесна и поради тоа на спахијата му давале на име испенџе по 15 акчи, а само женетите по еден денк жито, од кој едната половина пченица а втората мешано. За останалите давачки изрично е нагласено дека ги давале во потполност на спахијата. След како ќе ги извршеле сите свои обврски како дервенџии и од како ќе му го даделе сето она што му следело на спахијата, биле ослободувани од државните намети. Овој случај е карактеристичен по тоа, што износот на житариците што требало да му се даде на спахијата се совпаѓа со пропишаниот износ во самото канунназме, додека испенџето е зголемено, а останалите шеријатски давачки што му следеле на спахијата ги давале во целост, што се гледа и од самиот дефтер каде се регистрирани давачките за: вино, лен, коноп, улишта, кожурци, зелки, пасишта, пристојба за свињи и воденици како и уште некои давачки. При пописот се регистрирани 40 старешини на домаќинства и 79 неженети. Од имињата се гледа дека населението било шиптарско.

На пагинираниот лист бр. 116 е заведено во Нахијата Мокра дервенџиското село Мал Камен (Kamen küçük) со 14 домаќинства и 3 неженети, од кои еден муслиманин и еден исламизиран немуслиманин. Населението од ова дервенџиско село било задолжено да ја чува месноста наречена „Николица" којашто се наоѓала на патот што водел од Битола за Валона (Авлона). Што се однесува до давачките на спахијата тие се совпаѓаат со она што било предвидено во самото канунназме.

Наредното дервенџиско село во Нахијата Мокра е селото Величани[19]). Населението од ова село се обврзало да направи мост на реката Шкумни под месноста Голик ,и понатака мостот да го одржува и поправа. За таа своја должност населението било ослободено од давање авариз и веслари. По време на пописот се регистрирани 7 мина муслимани од кои 6 старешини на домаќинства и 1 неженет, потоа 101 немуслиманско домаќинство (Hane-i gebr), 19 неженети и 2 баштини. Понатака следат преку 20 разни видови давачки што му следеле на спахијата — тимариот во износ од 6100 акчи годишно.

Последното дервенџиско село во Нахијата Мокра е селото Кокус[20]). По ова време селото имало 40 домаќинства и 37 неженети. Селото и порано било дервенџиско и како такво на спахијата му се давало на име испенџе по 10 акчи, а женетите по еден денк жито од кој половината пченица и половината мешано. Нивната дервенџиска должност се состоела во тоа да го чуваат мостот на реката Шкумни што се наоѓал на патот што водел за Елбасан. Тој мост се викал „Мост на Аратин-Оглу". Судејќи по личните имиња населението било скоро целото шиптарско.

Од вкупно 43 дервенџиски села во Охридско, Преспанско, Река, Жупа, Дебарца, Долни Дебар, Гора и Мокра, во 29 од нив населението било должно да му дава на спахијата — тимариот на име испенџе по 10 акчи, а женетите уште и по еден денк жито и тоа едната половина пченица а втората мешано, што значи оној износ што е предвиден и во

---

[19]) Цитираниот дефтер, — фотокопија бр. 117.

[20]) „ „ , — фотокопија бр. 119. Тоа е денешното село Кукс.

самото Каннуname за Охридскиот санџак. Од останалите села четири од нив давале на спахијата поголем износ од оној што бил пропишан во Канунnaмето, а преостаналите 10 дервенџиски села биле должни да му ги даваат на спахијата сите давачки во потполност како и останалата раја во недервенџиските села. Qваа констатација до која што, дојдовме, споредувајќи ги обврските предвидени во самото каннуname со содржините на текстовите под самите села во дефтерот, во врска со обврските на дервенџиското населеие кон спахиите — тимариоти е секако извонредно важна. Имено ние констатиравме дека дервенџиските села на територијата на еден санџак не биле еднакво третирани, а давачките на спахијата од страна на населението биле различни во зависност од тежината на нивните задолженија како дервенџии. Во противен случај ако би се пошло смао од она што било предвидено во Канунnaмето би се добила неточна претстава за обврските на населението во дервенџиските села. Меѓу другото ние укажавме и на некои давачки кои што воопшто не се опфатени во самото каннуname т.е. дека би требало да бидат ослободени, како што е случајот со пристојбата за воденици; ушурот од вино, пољачина, таксата за тапија и сл. Од сите 43 дервенџиски села за 38 можевме да констатираме дека и порано биле дервенџиски од податоците што ги среќаваме во текстовите след секое село што се дадени. За останалите 5 села нема податоци дали и порано биле дервенџиски или пак такви се настанати по време на пописот.

Во продолжение ќе се задржиме посебно на секое дервенџиско село и тоа во нахиите: Охридска, Преспанска, Дебарца, Река, Жупа и Долни Дебар т. е. на оние Нахии чијшто територии и населени места се воглавно на територијата на СРМакедонија. Користејќи ги податоците од дефтерот ние ќе ги прикажеме должностите на населенијата од овие села поради што и биле одредени за дервенџиски. Понатака ќе ги прикажеме сите обврски кон спахиите изразени во паричен износ или во количина и паричен износ. Натуралните давачки како и некои од другите пристојби ќе ни овозможат да согледаме што сè се произведувало во атарот на секое дервенџиско село. Ќе биде посветено посебно внимание на составот на населението на секое село врз основа на личните имиња што се внесени по време на пописот, при што особено ќе се подвлекува инфилтрацијата на муслиманскиот елемент како и на исламизацијата на христијаните. Сите тие инзесувања веројатно ќе ни овозможат да извлечеме некои констатации и заклучоци.

Меѓутоа, за да можат со поголемо разбирање да се следат податоците што ќе ги изнесуваме во врска со разните давачки од дервенџиското население на нивните феудални господари, независно дали се тоа притежатели на тимари, зеамети или хасови, ние ќе се задржиме пак најнапред на она што е пропишано во смаото Канунnaме за Охридскиот санџак во врска со тие давачки. Порано на едно место ние веќе нагласивме дека на територијата на Охридскиот санџак како мерка за житарици било во употреба цариградското (стамболското) киле. Во канунnaмето изрично е нагласено дека 6 цариградски кила чинеле еден товар. Еден товар пченица, наут, леќа и бакла во Охридскиот санџак по тоа време се пресметувал 54 акчи во пари, еден товар јачмен, 'рж, просо,

и граор по 30 акчи, а еден товар овес се пресметувал 18 акчи. Од сите житарици се земало ушур (десеток) и саларије.[21]) Како мерка за вино или шира била применувана мерката наречена „медра". Една медра вино се пресметувала 6 акчи. Што се однесува до пристојбата за бостан во Кануннамето е предвидено дека во целиот санџак од секој женет се земало по две акчи на име „resm-i bostan". Од оние немуслимани коишто имале лозја одпорано се земала или наплатувала „пристојба за текне" (resm-i tekne), и тоа по две акчи. Во оние села каде што немало лозја и не се произведувало вино е заведена „такса за вино" (Badž-i hamr) т. е. од секој еден што ќе носел вино однавдор за секој увезен товар се наплатувало по 2 акчи на име такса за вино.

Селата коишто биле на крајбрежијата на езерата и чиешто население се занимавало со риболов, од оние лица што доаѓале во тие села и купувале риби спахијата имал право да наплатува по две акчи за секој купен товар на име такса.

Во оние села каде што при пописот бил заведен „десетокот од улишта" (ösr-ü kovan), од секои десет кошери или улишта се земало едно улиште за спахијата. Доколку некој имал помалку од десет кошери во тој случај се пресметувало во пари и на секој десет акчи се земало едно акче на име пристојба за улишта.

Што се однесува до „пристојбата за воденици" (Resm-i asiyab) се земало по 30, односно, 15 акчи во зависност од тоа дали воденицата работела през целата година или пак работела половина година. Пристојба за пасишта се земала т. е. наплатувала само од оние што доаѓале однадвор (haricden), се мисли од други села и ја паселе стоката во атарот на тоа село. Според кануннамето од баштините не се наплатувала „треварина" (otluk) и пристојба за бостан (resm-i bostan), поради што и не е внесена по време на пописот во самиот дефтер.

## ДЕРВЕНЏИСКИ СЕЛА ВО ОХРИДСКАТА НАХИЈА

1. Село БОРОВЕЦ. — Ова село се наоѓало на патот што водел од Охрид преку Акче Хисар за Валона. Дервенџиското население од ова село било задолжено да ја чува месноста наречена Карбинци. Секој женет и неженет на спахијата му давал по 15 акчи на име испенџе, а само женетите уште по еден товар жито од кој едната половина пченица а другата мешано. Покрај тоа женетите биле должни да даваат ушур од шира, нијабет и пристојба за свадбарина. След како ќе биделе извршени дервенџиските обврски како и обврските кон спахијата — тимариот населението се ослободувало од сите редовни и вонредни државни намети наречени „Avariz-i divaniye ve tekalif-i örfiye".

[21]) За саларието, испенџето и другите видови давачки што му следеле на спахијата-тимариот види поопстојно во трудот на М. Соколоски, — „Прилог кон проучувањето на турскит-османскиот феудален систем со посебен осврт на Македонија во XV и XVI век". Гласник на ИНИ, год. II, бр. 1 Скопје 1956.

По време на пописот во дефтерот се регистрирани 30 старешини на домаќинства и 42 неженети (mucerred). За еден од регистрираните жители по име Бошко домазет е заведено дека бил од с. Требеништа. Ова дервенџиско село било приклучено кон феудално лено наречено зеамет.

На спахијата населението од ова село било должно да му даде 1587 акчи, и тоа: на име испенџе 1080 акчи, 15 товари пченица во вредност од 810 акчи, 15 товари мешано жито (јачмен, 'рж и сл.) во вредност од 810 акчи, ушур од шира 2 медри во вредност од 12 акџи, Пристојба за пасишта од оние што доаѓале однадвор 40 акчи, нијабет, пристојба за свадбарина, пољачина и такса за тапија на земја, вкупно 120 акчи.[22])

2. Село БИГОР. — За ова село во дефтерот е запишано дека било „стар дербенд" (kadimi derbend), поради што повторно како такво е заведено при последниот попис од 1582 година. Женетите и неженетите на име испенџе на спахијата му давале по 10 акџи годишно, а само женетите уште по еден денк жито — половината пченица а другата половина мешано. Дервенџиската должност на населението од ова село се состоела во тоа да го чуваат тешко-проодниот дервен што водел од Охрид за Дебар. Покрај горните давачки населението било должно на спахијата да му дава и „ушур од шира". След исполнувањето на своите дервенџиски и спахиски обврски населението се ослободувало од останалите државни намети.

По време на пописот се регистрирани имињата на 20 старешини на домаќинства и 2 неженети. Обврските кон спахијата се состојат од 220 акчи на име испенџе т. е. секој од записаните старешини и неженети давал по 10 акчи. Од житарици само женетите биле задолжени со 5 товари пченица во износ од 270 акчи и со 5 товари мешано во износ од 150 акчи. На име „Ушур од шира" населението било задолжено со 65 медри во износ од 390 акчи, а не име нијабет, пристојба за свадбарина, пољачина и такса за тапија биле задолжени со 327 акчии.[23])

3. Село ЛАВТЕРЧЕ. — Жителите од ова село биле дервенџии на мостот наречен „Охри Заде". што се наоѓал на реката Дрим во близината на селото Дебовјани. Тие биле должни да го чуваат мостот постојано т. е. и дење и ноќе, и во исто време да го поправаат секој пат кога ќе стане нужда. Покрај споменатиот мост населението од ова, дервенџиско село било задолжено да ја чува и месноста наречена „Туница". Во дефтерот е регистрирано и тоа дека службата на овие дервенџии била лесна (Hizmetleri hafif olmagin), поради што испенџето и ушурот (десетокот) му го давале на спахијата во целост како и останалата недервенџиска раја. Спрема тоа ова дервенџиско село за вршењето на дервенџиската служба било ослободено само од редовните и вонредните државни намети, што ќе се види најарно и од обврските кон спахијата — тимариот што ќе бидат наведени во продолжение.

При пописот во ова село се регистрирани 37 старешини на домаќинства и 12 неженети или вкупно 49. Меѓу регистрираните жители за

---

[22]) Цитираниот дефтер, — фотокопија бр. 26 и 27.
[23]) „ „ , — фотокопија бр. 29.

16 души во дефтерот е одбележано дека се доселиле од други села. Така на пример за 7 души стои дека биле од селото Октеш, за тројца дека биле од с. Луково или Локово, потоа некои има од селата Татеш, Требеништа, Сошани и Кукс.

Населението од ова село било задолжено да му ги даде на спахијата следните давачки:

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Испенџе | 1225 акчи |
| 2. | Пченица 5 товари или | 270 „ |
| 3. | Мешано 5 товари или | 150 „ |
| 4. | Овес 2 товари или | 36 „ |
| 5. | Граор 1 товар или | 30 „ |
| 6. | Ушур од лен | 25 „ |
| 7. | Ушур од улишта | 15 „ |
| 8. | Ушур од лен (повторно) | 10 „ |
| 9. | Пристојба за бостан | 74 „ |
| 10. | Пристојба за свињи | 15 „ |
| 11. | Треварина | 20 „ |
| 12. | Такса за вино | 20 „ |
| 13. | Нијабет, пристојба за свадбарина заедно со пољачина и такса за тапија на земја | 118 „ |

Спрема тоа вкупниот годишен приход на спахијата изнесувал 2008 акчи.[24])

4. Село ЈАБЛАНИЦА. — Населението од ова село се согласило да чува и поправа од свои средства еден мост на реката Дрим којшто се наоѓал кај изворот Локвица, како и да чува уште и два други дервени наречени Црн Камен и Мокра. Поради тоа што ги чувале дервените и мостот како што треба, а покрај тоа мостот секојпат уредно го одржувале и поправале, биле ослободени од наметот авариз како и од давање веслари т. е. од весларска служба. Други податоци во текстот што следи непосредно след селото нема, што значи дека населението од ова дервенциско село давало испенџе во целост, а исто така и житариците како и останалите давачки што му следеле на спахијата ги давале во потполност, што ќе се види и од самиот износ којшто ќе биде даден во продолжение.

Вкупниот број на регистрираните лица од ова село изнесува 81, од кои 1 муслиманин по име Бехрам Мустафа, потоа 50 старешини на христијански домаќинства, како и 30 неженети.

Населението било задолжено кон спахијата со следните давачки:

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Испенџе | 2000 акчи |
| 2. | Пченица 5 товари | 270 „ |
| 3. | Јачмен 4 товари | 120 „ |
| 4. | 'Рж 2 товари | 60 „ |
| 5. | Просо 2 товари | 60 „ |
| 6. | Овес 1 товар | 18 „ |
| 7. | Зоб 3 товари | 54 „ |

[24]) Цитираниот дефтер, — фотокопија бр. 32 и 33.

| | | | |
|---|---|---|---|
| 8. | Пристојба за 1 муслим. чифлик | 22 | „ |
| 9. | Ушур од лен | 20 | „ |
| 10. | Ушур од улишта | 25 | „ |
| 11. | Ушур од ореј | 20 | „ |
| 12. | Ушур од овошје | 30 | „ |
| 13. | Пристојба за бостан | 100 | „ |
| 14. | Пристојба за пасишта | 50 | „ |
| 15. | Такса за вино | 30 | „ |
| 16. | Треварина | 20 | „ |
| 17. | Од три воденици што работеле през целата година | 90 | „ |
| 18. | Нијабет, свадбарина, пољачина и такса за тапија | 73 | „ |

Вкупниот годишен приход на спахијата изнесувал 3062 акци.[25])

5. Село ЛУБАНИШТЕ. — Дервенџиите од ова село биле задолжени да ја поравнуваат, одржуваат и чуваат месноста наречена Преслоп, којашто била извонредно тешко преодна и каде во секое годишно време имало разбојници, Поради што и поплаките биле многу чести. Таа месност се простирала од дервенот Галичица па се до с. Лубаништа. За самото село во дефтерот е заведено дека се наоѓало на јавниот пат што водел кон Корча, арнаутскиот Белград па се до Валона. Заради тоа што населението од ова дервенџиско село си ја извршувало својата служба како што треба и без никакви недостатоци затоа било ослободено од државните намети, за кое нешто притежавало и султански наредби. Покрај тоа населението се нагрбило да ја надгледува и одржува каменистата месност наречена „Песја Тога". Ова дервенџиско село било едно од релативно големите села во Охридско, бидејќи вкупниот број на записаните имиња изнесува 89. Од тоај број четворица се муслимани. Едниот од нив е старешина на домаќинство, двајцата се бенаци а четвртиот е неженет. Од имињата на овие четворица муслимани може да се констатира следното: дека старешината на домаќинството по име Махмуд Абдулах е всушност исламизиран христијанин, штом носи презиме „Абдуллах". Останалите тројца со презиме „Махмуд" т. е. Тимур Махмуд, Сулејман Махмуд и Али Махмуд се синови на старешината на домаќинството зошто го носат или имаат за презиме точно неговото име „Махмуд". Останалите 85 регистрирани лица се христијани, односно, немуслимани. Од нив 62 се старешини на домаќинства, 18 неженети и 5 мина се притежатели на Баштини. Двајца од немуслиманите се преселени од други села т. е. едниот е преселен од с. Скребатино, а другиот од с. Градец.

За разлика од предходните четири дервенџиски села кои беа прикрепени или вклучени во феудални лена наречени заемети, селото Лубаништа и сите останали што следат а се наоѓаат во Охридската нахија се вклучени во помали феудални лена наречени тимари.

Видови и количина на натурална и парична рента што му следела на спахијата од ова село:

[25]) Цитираниот дефтер, — фотокопија бр. 33.

1. Испенце .............................................. 2100 акчи.
2. Пристојби наречени — resm-i cift, benak i mucerred, што ги давале четворицата исламизирани христијани во износ од ....................................... 52 „
3. Пченица 80 товари ............................. 4320 „
4. Јачмен 40 товари ............................... 1200 „
5. 'Рж 30 товари ..................................... 900 „
6. Овес 20 товари ..................................... 360 „
7. Ушур од шира 600 медри ..................... 3600 „
8. Ушур лд лен ......................................... 80 „
9. Ушур од улишта ..................................... 90 „
10. Ушур од овошје ..................................... 40 „
11. Пристојба за бостан ............................. 124 „
12. Пристојба за текне ............................... 62 „
13. Треварина ............................................. 162 „
14. Пристојба за воденица ........................... 30 „
15. Пристојба за воденица ........................... 15 „
16. Пристојба за пасишта ............................. 80 „
17. Пристојба за свињи ............................... 30 „
18. Нијабет, свадбарина, пољачина и такса за тапија.... 415 „

Вкупниот годишен приход на спахијата изнесувал од ова село 13.600 акчи.[26])

Количините од разни видови жито, како и количината од 600 медри вино недвосмислено говорат за тоа дека земеделието и лозарството во атарот на ова село биле извонредно развиени.

6. Село ЛОКОВО. — Податоците во дефтерот ни говорат дека ова село било и порано дервен. Што се однесува до износот на испенцето како и количината на житариците што требало да му се дадат на спхијата, тие наполно се поклопуваат со она што било прописано во самото Кануннаме т. е. женетите и неженетите на име испенце давале по 10 акчи, а само женетите уште по еден денк жито — половина пченица и половина мешано. Ова нешто изрично е нагласено во текстот што следи непосредно след самото село. Покрај тоа населението било должно да плаќа нијабет и свадбарина. Дервинџиската должност на ова село се состоела во тоа да го одржува патот од месноста наречена „Зластрана" па се до крепоста Коџаџик. Бидејќи својата служба си ја извршувале како треба биле ослободени од државните намети.

Кон спахијата тимариот населението од ова село било задолжено со вкупен износ од 2400 акчии годишно и тоа од:

1. Испенце .............................................. 640 акчи.
2. Пченица 12 товари ............................... 648 „
3. Мешано 12 товари ................................. 360 „
4. Такса за вино ....................................... 200 „
5. Пристојба за пасишта ............................. 100 „
6. Нијабет, свадбарина, пољачина и такса за тапија.. 452 „

---

[26]) Цитираниот дефтер, — фотокопија бр. 34.

По време на пописот се регистрирани вкупно 64 лица, од кои 48 старешини на домаќинства и 16 нежeнети. Ако овој број на регистрираните жители се спореди со износот на испенџето ќе се види дека сите тие давале на име сипенџе по 10 акчи како што е прописано и во канунномето. Од друга страна ако се земе бројот само на женетите којшто изнесува 48 и се помножи со три кила (колку што изнесувал еден денк) ќе се добијат 144 кила. Бидејќи еден товар имал 6 кила то во 144 кила имаме 24 товари, односно точно и толку се количините што се внесени во дефтерот заедно за пченицата и мешаното.[27])

7. Село 'РЖАНИ. — Текстот што е даден под ова село во дефтерот е наполно ист со текстот и во предходното село, во смисла дека и ова село било дервенџиско и порано, потоа дека на име испенџе се давало по 10 акчи, а по однос на жито женетите давале по еден денк од кој, едната половина пченица а другата половина мешано. И овие како и предходните давале уште нијабет и пристојба за свадбарина. Во што се состоела дервенџиската должност на населението од ова село во дефтерот нема податоци.

Во пописот на ова село се регистрирани 36 имиња, од кои 32 старешини на домаќинства и 4 имиња на неженети. Обврските кон спахијата се состојат од давачки што се предвидени во самото Кануннаме за Охридскиот санџак, а тие се следните:

1. Испенџе ......... 360 акчи.
2. Пченица 8 товари ......... 432 „
3. Мешано 8 товари ......... 240 „
4. Такса за вино ......... 528 „
5. Пристојба за пасишта ......... 240 „
6. Нијабет, свадбарина, пољачина и такса за тапија 180 „

Вкупниот годишен приход на спахијата од ова село изнесува 1980 акчи.[28])

8. Село МЕТАЛЕЦ. — Во текстот под самото село се дадени најопшти податоци, во смисла дека ова село и порано било дервенџиско, дека задолжените лица со испенџе давале по 10 акчи, а женетите давале по еден денк жито — половина пченица и половина емшано, односно како што е пропишано и во самото Кануннаме. Спрема тоа износот на испенџето и количината на житариците што требало да му се дадат на спахијата ќе се движат во тие рамки и ќе бидат зависни од бројот на регистрираните старешини на домаќинства и неженетите. Како и сите дервенџии така и овие биле ослободени од редовните и вонредните државни намети наречени „Avariz-i divaniye ve tekalif-i örfiye".

По време на пописот се регистрирани вкупно 17 лица, од кои 15 старешини на домаќинства и 3 неженети. За едно лице стои дека било од селото Леска.

[27]) Цитираниот дефтер, — фотокопија бр. 36.
[28]) „ „ , — фотокопија бр. 37.

Обврските кон спахијата се состоеле од следните давачки:

1. Испенце ........................................ 170 акчи
2. Пченица 3,$^1/_2$ товари ........................ 189 „
3. Мешано 3,$^1/_2$ товари.......................... 105 „
4. Такса за вино ................................. 269 „
5. Пристојба за пасишта ........................... 30 „
6. Нијабет, свадбарина, пољачина и такса за тапија 500 „

Вкупниот годишен приход на спахијата од ова село изнесувал 1263 акчи.[29])

9. Село СИРУЛА. — Податоците и за ова село се прилично оскудни. Од текстот се гледа дека и ова село било стар дербенд, дека женетите и неженетите ги давале на спахијата оние количини жито и пари за испенце што се предвидени во самото кануннаме т. е. по 10 акчи испенце и по 1 денк жито, половина пченица и половина мешано. Ново е тоа што при последниот попис е регистрирано дека населението било задолжено и со десеток (ушур) од шира, покрај нијабетот и свадбарината. Појавата на десетокот од шира е знак дека населението почнало да се бави и со лозарство. Ова нешто е нагласено и во самото кануннаме т. е. дека населението во Охридскиот санџак почнало да се бави и со лозарство поради што е воведен десетокот за тој производ. Инаку вино се увезувало однадвор, од други места, и за тоа се плаќала такса или трошарина во износ од 2 акчи по товар. Населението како дервенџиско е ослободено од државни намети. При пописот се регистрирани 58 имиња, од кои 40 старешини на домаќинства, 17 на неженети и една баштина.

Обврски кон спахијата:

1. Испенце ........................................ 580 „
2. Пченица 10 товари .............................. 540 „
3. Мешано 10 товари ............................... 300 „
4. Десеток од шира 100 медри ...................... 600 „
5. Ушур од ореви и овошје ......................... 240 „
6. Пристојба за пченица ........................... 140 „
7. Нијабет, свадбарина, пољачина, и такса за тапија..1062 „

Вкупниот годишен приход на спахијата од ова село бил 3462 акчи[30]).

10. Село ДЕБОВЈАНИ. — Ова село се наоѓало во близината на мостот „Охри Заде" подигнат на реката Дрим. Бидејќи теренот околу мостот бил тежок и опасен поради чести разбојништва, населението од ова село се согласило да ја чува таа месност и да го одржува мостот, со обврска дека на никој минувач нема да му се случи никаква штета и загуба, под услов да бидат ослободени од државните намети. Што се однесува да прашањето за извесни олеснувања од давањата на испенџе или житарици, во текстот не е ништо одбележано, а од количината и износот на давачките во споредба со бројот на регистрираните лица, ќе се види дека сите предвидени давачки ги давале во потполност.

---

[29]) Цитираниот дефтер, — фотокопија бр. 39.
[30]) „ „ , — фотокопија бр. 41.

Во селото се регистрирани 22 лица, од кои 15 старешини на домаќинства (hane), 4 неженети и 3 баштини т. е. лица што притежавале баштини.

Меѓутоа, во самиот попис е регистриран и 1 чифлик што го притежавале Мустафа и Арслан, кои што биле задолжени со давање ушур и саларије. Второ што паѓа в'очи тоа е да едната од баштините која порано била во рацете на некој си Лазар Дојчин при пописот се констатирало и е регистрирано дека истата баштина ја притежавал муслиман по име Ширмерд Миман. Исти е случај и со втората баштина за која стои дека му припаѓала на некој си Димитри, потоа на Михо, а по време на пописот истата баштина била во рацете на муслиманин по име Хусеин, од редот на тимариотите.

Оваа појава на преминување баштините од рацете на христијаните во рацете на муслиманите во овој период е многу честа во Охридскиот санџак. Дали се во прашање прави муслимани или пак исламизирани христијани во овој момент не сме во состојба да констатираме бидејќи не се дадени презимињата. Во секој случај како појава заслужува посебно внимание, зошто тоа говори за инфилтрацијата на муслиманскиот елемент во порано чистиот христијански елемент во селата. Во секој случај по ова време во село Дебовјани се присутни 4 муслимански домаќинства.

Приходите на спахијата од ова село се состоеле од следните давачки:

1. Испенџе .......................................... 550 акчи
2. Пченица 20 товари ..........................1080 „
3. Јачмен 20 товари ............................ 600 „
4. 'Рж 15 товари................................ 450 „
5. Ушур од шира 12 медри ..................... 72 „
6. Ушур од лен ................................... 25 „
7. Ушур од улишта .............................. 20 „
8. Ушур од ореви ................................ 10 „
9. Пристојба од бостан ......................... 30 „
10. Пристојба за текне .......................... 20 „
11. Нијабет, свадбарина, пољчина и такса за тапија.. 140 „

Вкупниот годишен приход на спахијата од ова село изнесувал 3000 ачки.[31])

11. Село ЗБАЖДИ. — Населението од ова дервенџиско село ги одржувало и поправало: мостот што се наоѓал на реката наречена Тодорова река, потоа патиштата што воделе кон дервенот кај с. Луково, како и опасната месност наречена Зластрана. Заради таа своја должност уште од иорано биле ослободени од државните намети. Бидејќи службата си е вршеле како треба и во целост, повторно се регистрирани во дефтерот со истите обврски и за таа своја должност е ослободено само од извонредните даноци, додека останатите си ги плакале во потполност што ќе се види понатака.

---

[31]) Цитираниот дефтер, — фотокопија бр. 42.

При пописот се регистрирани вкупно 33 лица, од кои 29 старешини на домаќинства и 4 неженети. Давачките на ова село се следните:

| | | |
|---|---|---|
| 1. Испенце | 825 | акчи |
| 2. Пченица 15 товари | 810 | „ |
| 3. Јачмен 5 товари | 150 | „ |
| 4. 'Рж 15 товари | 450 | „ |
| 5. Просо 1 товар | 30 | „ |
| 6. Овес 2 товари | 36 | „ |
| 7. Граор 1/2 товари | 27 | „ |
| 8. Ушур од шира 10 медри | 60 | „ |
| 9. Ушур од лен | 50 | „ |
| 10. Ушур од овошје | 50 | „ |
| 11. Ушур од улишта | 20 | „ |
| 12. Ушур од зелка | 60 | „ |
| 13. Ушур од јаболка | 10 | „ |
| 14. Ушур од ореви | 60 | „ |
| 15. Ушур од лен (повторно) | 50 | „ |
| 16. Пристојба за бостан | 58 | „ |
| 17. Пристојба за текне | 20 | „ |
| 18. Пристојба за свињи | 20 | „ |
| 19. Пристојба за пасишта | 50 | „ |
| 20. Пристојба за 1 воденица | 30 | „ |
| 21. Ушур од кожурци | 20 | „ |
| 22. Нијабет, свадбарина, пољачина, такса за тапија | 114 | „ |

Вкупниот годишен приход на спахијата од ова село изнесувал: 2930 акчи.[32])

12. Село Т'РПЕЗИЦА. — Ова дервенџиско село било должно да го одржува патот кој бил многу руиниран и тешко прооден, а водел од црквата кај село Пештани па се до селото Лубаништа. Покрај тоа населението од ова село било должно да ги чисти шумите околу патот и да го порамнува местото.

Бидејќи своите задолженија како дервенџии си ги исполнувале без пропусти и недостатоци повторно биле при новиот попис регистрирани како дервенџии, со тоа што биле ослободени од даноците наречени „Avariz-i divaniye ve tekalif-i örfiye".

По бројот на регистрираните жители ова е едно од поголемите села во тоа време во Охридско, чијшто вкупен број на записаните лица изнесува 76, од кои 49 старешини на домаќинства, 26 неженети и еден бенак муслиман. Веднаш да одбележиме дека бенакот е исламизиран христијанин, што се гледа од неговото презиме — Абдулах. Тој се викал Реџеп Абдулах. Меѓу регистрираните лица има еден од друго село преселен, а се вика Димитри Домазет.

Населението од ова село ги давало сите други давачки што му следеле на спахијата, а тоа се:

[32]) Цитираниот дефтер, — фотокопија бр. 44.

1. Испенџе ........................................ 1875 акчи
2. Пристојба бенак ............................. 12 „
3. Пченица 8 товари ........................... 432 „
4. Јачмен 12 товари ........................... 360 „
5. ’Рж 10 товари ................................. 300 „
6. Леќа 1 товар ................................... 54 „
7. Граор 3 товари ............................... 90 „
8. Ушур од шира 225 медри ................. 1350 „
9. Ушур од улишта .............................. 60 „
10. Ушур од овошје ............................. 30 „
11. Ушур од кожурци ........................... 70 „
12. Пристојба за бостан ...................... 96 „
13. Пристојба за текне ........................ 20 „
14. Пристојба за пасишта .................... 40 „
15. Пристојба за свињи ....................... 20 „
16. Треварина ...................................... 70 „
17. Нијабет, свадбарина, пољачина ....... 160 „
18. Такса за риболов ........................... 155 „

Вкупниот годишен приход на спахијата од ова село изнесвал 5194 акчи.[33])

13. Село СТЕБЛЕВО. — Ова село сега се наоѓа во Албанија. Во дефтерот стои дека било стар дербенд и дека женетите и неженетите давале по 10 акчи испенџе. Женетите пак давале и по 1 денк жито, половина денк пченица, другата половина мешано. Исто така населението плакало нијабет и свадбарина. Со други зборови нивните давачки се совпаѓаат со предвиденото во кануннамето. Уште од порано нивната дервенџиска должност се состоела во чувањето и одржувањето на„ месноста наречена Лагавица, заради што биле ослободени од извонредните намети. Истото е заведено и при новиот попис.

По својата големина ова е најголемо дервенџиско село од овој период. Етнички е сосема чисто, така што од имињата и презимињата се гледа дека се тоа чисто словенски елементи. Вкупниот број на регистрираните жители изнесува 150, од кои 80 старешини на домаќинства и 70 неженети.

Годишните давачки на спахијата се состоеле од:

1. Испенџе ........................................ 1500 аьчи
2. Пченица 20 товари ......................... 1080 „
3. Мешано 20 товари ........................... 600 „
4. Такса за вино ................................. 320 „
5. Од 2 воденици приход ..................... 30 „
6. Од пасишта .................................... 150 „
7. Нијабет, свадбарина, пољачина и такса за земја .... 370 „

Вкупниот годишен приход од ова село изнесува 4050 акчи.[34])

---

[33]) Цитираниот дефтер, — фотокопија бр. 45.

[34]) „ „ , — фото,опија бр. 47.

14. Село ЗАВОЈ. — Во текстот под самото село во дефтерот стои дека ова село било старо дервенциско село. На спахијата секој женет и неженет му давале годишно по 10 акчи на име испенце, а само женетите уште по еден денк жито, од кој едната половина пченица, а другата мешано. Нивна должност била да го чуваат патот од Битола за Валона и Елбасан. Покрај испенџето и житариците што ги давале според пропишаното во самото каннунаме, населението давало уште и такса за вино, нијабет и свадбарина. Заради својата должност биле одлободени. од извонредните даноци наречени „Avariz-i divaniye ve teka.if-i örpiye".

При пописот на населението од ова село се регистрирани вкупно 83, и тоа 66 старешини на домаќинства, 14 неженети и 3 баштини.

Приходот на спахијата од ова село се состоел од следните давачки:

1. Испенце ........................................ 830 акчи
2. Пченица 16,$^1/_2$ товари ........................ 890 „
3. Мешано 16,$^1/_2$ товари ........................ 459 „
4. Такса за вино ................................ 550 „
5. Ушур од боја (или буба) ........................ 260 „
6. Пристојба од пасишта ........................ 150 „
7. Нијабет, свадбарина, пољачина и такса за тапија.. 525 „

Вкупниот годишен приход на спахијата од ова село изнесува 3670 акчи.[35])

## ДЕРВЕНЏИСКИ СЕЛА ВО ПРЕСПАНСКАТА НАХИЈА

15. Село ЛЕВА РЕКА. — Ова село било дербенд уште од старо време (Kadimden). На спахијата секој женет и неженет му давал годишено по 10 акчи на име испенце, а само женетите уште и по 1 денк жито, едната половина пченица, другата мешано. Населението ја чувало и оджравало месноста наречена Г-н-д-р-н-и-к, што се наоѓала на патот што водел од Охрид за Прилеп. Селото било ослободено од државните намети.

По бројот на регистрираните жители ова село е најголемо дервнциско село. Вкупниот број на записаните лица изнесува 187, од кои 130 старешини на домаќинства и 57 неженети.

Населението од ова село било должно на спахијата да му дава годишно:

1. Испенце ........................................1870 акчи
2. Пченица 32,$^1/_2$ товари ........................1765 „
3. Мешано 32,$^1/_2$ товари ........................ 975 „
4. Такса за вино ................................ 800 „
5. Ушур од буба(?) ............................ 400 „
6. Пристојба од пасишта ........................ 400 „
7. Нијабет, свадбарина, пољачина и такса за тапија.. 70 „

Вкупниот годишен приход на спахијата од ова село изнесува 7000 акчии.[36])

---

[35]) Цитираниот дефтер, — фотокопија бр. 49. Во дефтерот е написано „Загој".
[36]) „ „ , — фотокопија, бр. 54 и 55.

16. Село ПЕТРИНО. — Дервенџиската должност на населението од ова село се состоела во чувањето и одржувањето на месноста Драгарино, која се наоѓала на патото што водел од Скопје преку Битола за Валона (Авлона). Ова село било и порано дербенд. Обврските на населението кон спахијата наполно се поклопуваат со она што било пропишано во самото Канунname за Охридскиот санџак т. е. женетите и неженетите давале на име испенџе по 10 акчи годишно, а само женетите уште и по еден денк жито, од кој половината пченица и другата половина мешано. Како и другите дервенџиски села и ова било ослободено од останалите државни намети.

Во пописот на населението се региетрирани вкупно 55 лица, од кои 20 старешини на домаќинства и 35 неженети.

Годишните обврски кон спахијата — тимариот се следните:

| | | |
|---|---|---|
| 1. Испенџе | 550 | акчи |
| 2. Пченица 5 товари | 270 | „ |
| 3. Мешано 5 товари | 150 | „ |
| 4. Такса за вино | 20 | „ |
| 5. Ушур од буба(?) | 30 | „ |
| 6. Пристојба од пасишта | 30 | „ |
| 7. Нијабет, свадбарина, пољачина и такса за тапија | 50 | „ |

Вкупниот годишен приход на спахијата од ова село изнесува 1100 акчии.[37])

17. Село ИСТОК. — Ова село од порано било дербенд. Неженетите и женетите на име испенџе давале по 10 акчи на спахијата, а женетите уште по еден денк жито, едната половина пченица втората мешано. Селото се наоѓало на патот што водел од Охрид за Преспа. Нивна должност била да ја чуваат месноста Суха Гора, заради што биле ослободени од извонредните намети.

Вл пописот се регистрирани 48 лица, од кои 44 старешини на домаќинства и 4 неженети.

На феудалниот господар населението било должно да ги даде следните давачки през годината:

| | | |
|---|---|---|
| 1. Испенџе | 480 | акчи |
| 2. Пченица 11 товари | 594 | „ |
| 3. Мешано 11 товари | 330 | „ |
| 4. Такса за вино | 350 | „ |
| 5. Ушур од буби | 350 | „ |
| 6. Пристојба од пасишта | 86 | „ |
| 7. Нијабет, свадбарина, пољачина и такса за тапија | 360 | „ |

Вкупниот годишен приход на спахијата од ова село изнесува 2550 акчи.[38])

[37]) Цитираниот дефтер, — фотокопија бр. 58.

[38]) „ „ , — фотокопија бр. 61. Во дефтерот е написано Истока.

18. Село ГАЛИЧИЦА. — За ова село во дефтерот е забележано дека бил стар дербенд. Неженетите и женетите на спахијата му давале по 10 акчи испенџе, а покрај тоа женетите му давале уште по еден денк жито. половината пченица, а другата половина мешано. Нивната дервенџиска должност била да ја чуваат и одржуваат месноста Галичица, што се наоѓала на патот од Битола кон Грк-Каја, заради што биле ослободени од државните намети.

Во ова село се регистрирани вкупно 17 лица, од кои 16 старешини на домакинства и 1 неженет. Меѓу регистрираните има еден кој бил преселен од село Свињишта.

Населението било должно на спахијата да му ги дава през годината следните давачки:

| | | |
|---|---|---|
| 1. Испенџе | 170 | акчи |
| 2. Пченица 4 товари | 216 | „ |
| 3. Мешано 4 товари | 120 | „ |
| 4. Такса за вино | 200 | „ |
| 5. Пристојба од пасишта | 100 | „ |
| 6. Нијабет, свадбарина, пољачина | 92 | „ |

Вкупниот годишен приход на спахијата од ова село изнесува 898 акчи[39]).

19. Село БУКОВО. — Селото Буково било дервен уште од постаро време. Поради тоа што нивните дербендски задолженија биле лесни, затоа женетите и неженетите давале по 15 акчи на име испенџе на спахијата. Покрај тоа женетите давале уште по еден товар жито, едната половина пченица, а другата мешано.

Населението од ова село имало за должност да ја чува и одржува месноста наречена „Кури-Јол"; што се наоѓала на патот што водел од Валона преку Елбасан и Охрид за Битола. Поради таа своја должнось биле ослободени од редовни и вонредни државни намети.

Во пописот на селото се регистрирани вкупно 63 лица, од кои 40 старешини на домаќинства и 23 неженети.

На спахијата му следеле годишно следните давачки:

| | | |
|---|---|---|
| 1. Испенџе | 945 | акчи |
| 2. Пченица 20 товари | 1080 | „ |
| 3. Мешано 20 товари | 600 | „ |
| 4. Такса за вино | 100 | „ |
| 5. Ушур од буби(?) | 50 | „ |
| 6. Пристојба од пасишта | 60 | „ |
| 7. Нијабет, свадбарина, пољачина и такса за тапија | 165 | „ |

Вкупнилт годишен приход на спахијата од ова село изнесува 3000 акчи.[40])

---

[39]) Цитираниот дефтер — фотокопија бр. 62.

[40]) „ „ , — фотокопија бр. 62 и 63.

## ДЕРВЕНЏИСКИ СЕЛА ВО НАХИЈАТА ДЕБАРЦА

20. Село ЈАВОРЧЕ. — Ова село било стар дервен. Сите регистрирани жители во дефтерот му давале на спахијата по 10 акчи на име испенџе, а само старешините на домаќинствата т. е. женетите давале уште по еден денк жито — половина пченица и половина мешано. Во надокната за нивната дервенџиска служба биле ослободени од државните редовни и вонредни намети.

По ова време во селото се регистрирани вкупно 20 лица, од кои 18 старешини на домаќинства и 2 неженети.

Кон спахијата тимариот населението било задолжено со селдните давачки:

| | | |
|---|---|---|
| 1. Испенџе | 200 | ,, |
| 2. Пченица 4,1/2 товари | 243 | ,, |
| 3. Мешано 4,1/2 товари | 135 | ,, |
| 4. Такса за вино | 400 | ,, |
| 5. Пристојба за пасишта | 290 | ,, |
| 6. Нијабет, свадбарина, пољачина и такса за тапија | 366 | ,, |

Вкупниот годишен приход на спахијата од ова село изнесува 1634 акчи.[41])

21. Село ЦРВЕНА ВОДА. — Бројот на регистрираните лица од ова село изнесува 21, од кои 18 старешини на домаќинства и 3 неженети. Содржината на текстот под самото село во дефтерот е наполно иста како и кај предходното дервинџиско село Јаворче. Имено женети и неженети давале по 10 акџи на име испенџе а само женетите уште по еден денк жито — половина пченица и половипа мешано. Заради вршењето на дервинџиската служба биле ослободени од државни намети.

На спахијата тимариот населението од ова село било должно да му ги дава следните давачки.

| | | |
|---|---|---|
| 1. Испенџе | 210 | акчи |
| 2. Пченица 4,1/2 товари | 243 | ,, |
| 3. Мешано 4,1/2 товари | 135 | ,, |
| 4. Такса за вино | 500 | ,, |
| 5. Пристојба за пасишта | 30 | ,, |
| 6. Нијабет, свадбарина, пољачина и такса за тапија | 515 | ,, |

Вкупниот износ на годишниот приход од ова село изнесува 1633 акчи.[42])

22. Село БОТУН. — Во текстот под ова село се говори за тоа дека реката Требишна која што течела покрај селото Сутеска, на патот што водел од Скопје преку Кичево кон Елбасан и Валона му причинувала големи штети така што тој пат често бил непрооден, поради што како луѓето така и стоката страдале. Од тие причини ајаните на вилаетот

[41]) Цитираниот дефтер, — фотокопија бр. 71.
[42]) ,, ,, , — фотокопија бр. 71.

како и службениците на вакафите соопштувајќи за сите тие незгоди укажувале, дека е нужно постојано да се одржува и поправа тој пат. Од сите тие соображенија населението од с. Ботун се согласило да го одржува и поправа тој пат, почнувајќи од „Мостот на јаничарите" па се до јазот на воденицата, што ја увакуфил Охри-Заде, обврзувајќи се, дека никому нема да му се случи никаква несреќа и штета. За вршењето на оваа служба населението било ослободено само од државните редовни и вонредни намети.

По време на пописот се регистрирани вкупно 34 лица, од кои 27 старешини на домаќинства и 7 неженети. За двајца од регистрираните жители стои дека се од селото Сутеска.

Обврските на населението кон спахијата се состоеле од следните давачки:

| | | |
|---|---|---|
| 1. Испенце | 850 | акчи |
| 2. Пченица 6 товари | 324 | „ |
| 3. Јачмен 10 товари | 300 | „ |
| 4. 'Рж 10 товари | 300 | „ |
| 5. Просо 2 товари | 60 | „ |
| 6. Граор 1 товар | 30 | „ |
| 7. Овес 5 товари | 90 | „ |
| 8. Ушур од вино 70 медри | 420 | „ |
| 9. Пристојба за бостан | 54 | „ |
| 10. Пристојба за свињи | 15 | „ |
| 11. Ушур од улишта | 95 | „ |
| 12. Ушур од зелки | 30 | „ |
| 13. Ушур од лен | 60 | „ |
| 14. Ушур од ореви | 30 | „ |
| 15. Ушур од сено(?) | 10 | „ |
| 16. Пристојба за текне | 54 | „ |
| 17. Пристојба за пасишта | 100 | „ |
| 18. Нијабет, свадбарина, пољачина и такси за тапија | 178 | „ |

Годишниот приход на спахијата од ова село изнесувал 3000 акчи.[43])

23. Село ТУРЈЕ. — Ова село било стар дербенд. На спахијата секоја година женетите и неженетите му давале на име испенце по 10 акчи, а а само женетите уште по еден денк жито половина пченица и половина мешано. Во надокнада за нивната дервенциска служба биле ослободени од редовните и вонредните државни намети.

По ова време во селото имало 20 домаќинства, 3 неженети и 1 Баштина којашто по време на пописот ја притежавале двајца.

Обврските кон спахијата се состоеле од следните давачки:

[43]) Цитираниот дефтер, — фотокопија бр. 74.

1. Испенце.......................................... 240 акчи
2. Пченица 5 товари.............................. 270 „
3. Мешано 5 товари................................ 150 „
4. Такса за вино ................................. 950 „
5. Пристојба за патишта .......................... 450 „
6. Нијабет, свадбарина, пољачина и такса за тапија.. 940 „

Годишниот приход на спахијата од ова село изнесува 3000 акчи.[44])

## ДЕРВЕНЏИСКИ СЕЛА ВО НАХИЈАТА РЕКА

24. Село ЛАЗАРОПОЛЕ. — При пописот на Нахијата Река, која спаѓала во Дебарската каза, на прво место доаѓа селото Лазарополе, кое било прикрепено кон феудално лено од втора категорија наречено зеамет. По бројот на регистрираните жители ова е едно од доста големите дервенџиски села со вкупно 104 запишани лица, од кои 60 старешини на домаќинства и 44 неженети. Селото било дервенџиско и од порано. Обврските кон феудалниот господар се совпаѓаат со пропишаните количини житарици и износот на испенцето во самото Канунname. Спрема тоа женетите и неженетите давале по 10 акчи на име испенце а само женетите уште и по еден денк жито, половина пченица и половината мешано. Дервенџиската должност се состоела во чувањето на дервенот, односно, патот што водел од Дебар, преку Кичево за Прилеп. Заради беспрекорното исполнување на својата должност биле ослободени од државните намети.

Годишниот приход на феудалниот господар, заимот, се состоел од следните давачки:

1. Испенце..........................................1040 акчи
2. Пченица 15 товари .............................. 810 „
3. Мешано 15 товари ............................... 450 „
4. Пристојба од пасишта ........................... 40 „
5. Од такса за вино ............................... 360 „
6. Нијабет, свадбарина, пољачина и такса за тапија.. 300 „

Годишниот приход на спахијата од ова село изнесува 3000 акчи.[45])

25. Село ДОЛНО КОСОВРАСТИ. — Селото Долно Косоврасти било стар дербенд. Должноста на населението на ова село била да го чува и поправа мостот што бил на реката Радика, како и да го одржува и самиот пат што водел од мостот натака. Покрај тоа неженетите и женетите биле должни да му даваат на фуедалниот господар по 10 акчи на име испенце, а женетите уште и по еден денк жито, едната половина пченица а другата мешано. Исто така населението на ова село имало да дава ушур од шира, нијабет и свадбарина. Заради извршувањето на сите тие обврски населението било ослободено од сите извонредни даноци.

---

[44]) Цитираниот дефтер, — фотокопија бр. 75.
[45]) „ „ , — фотокопија бр. 180.

По време на пописот во дефтерот се регистрирани 93, лица од кои 70 старешини на домаќинства и 23 неженети.

Годишните обврски кон феудалниот господар се состоеле од следните давачки:

| | | |
|---|---|---|
| 1. Испенџе | 930 | акчи |
| 2. Пченица 17.1/2 товари | 1945 | „ |
| 3. Мешано 17.1/2 товари | 525 | „ |
| 4. Ушур од шира 20 медри | 120 | „ |
| 5. Пристојба за пасишта | 30 | „ |
| 6. Нијабет, свадбарина, пољачина и такса за тапија | 150 | „ |

Годишниот приход на спахијата од ова село изнесува 3700 акчи.[46])

26. Село ГАРИ. — За ова дервенџиско село во дефтерот не е наведено која и каква била нивната деревенџиска должност, а е заведено само тоа дека женетите и неженетите давале по 10 акчи за испенџе и по еден денк жито, половина пченица и половина мешано. Како дервенџи биле ослободени од извонредни даноци. Инаку ова село било и порано дербенд. Бројот на регистрираните лица изнесува 87, од кои 40 старешини на домаќинства и 47 неженети.

Годишните приходи на феудалниот господар од ова село се состоеле од следните давачки:

| | | |
|---|---|---|
| 1. Испенџе | 870 | акчи |
| 2. Пченица 10 товари | 540 | „ |
| 3. Мешано 10 товари | 300 | „ |
| 4. Такса за вино | 100 | „ |
| 5. Пристојба за пасишта | 30 | „ |
| 6. Нијабет, свадбарина, пољачина и такса за тапија | 260 | „ |

Годишниот приход на спахијата од ова село изнесува 2100 акчи.[47])

27. Село НАШЕНЦИ. — Населението на ова дервенџиско село било задолжено да го чува патот што водел од Тетово кон Долни Дебар. Неженетите и женетите давале на спахијата по 10 акчи на име испенџе, а само женетите уште по еден денк жито и тоа половина пченица а другата половина мешано. Како дервенџи биле ослободени од извонредните и редовни даноци. При пописот во селото се регистрирани вкупно 12 лица, од кои 6 старешини на домаќинство и 6 неженети; Меѓу нив има двајца муслимани и тоа Меми Перване и Дервши Перване, што значи дека се браќа.

Годишните приходи на спахијата од ова село се состоеле од следните давачки:

---

[46]) Цитираниот дефтер, — фотокопија бр. 181.

[47]) „ „ , — фотокопија бр. 181.

1. Испенџе ........................................ 120 акчи
2. Пченица 1.1/2 товар ........................ 81 „
3. Мешано 1.1/2 товар .......................... 45 „
4. Такса за вино ................................. 40 „
5. Пристојба за пасишта ........................ 30 „
6. Нијабет, свадбарина, пољачина и такса за тапија .. 44 „

Годишниот приход на спахијата од ова село изнесува 360 акчи.[48])

28. Село ГАЛИЧНИК. — Должноста на ова село била да го чува и одржува патот што водел од Тетово преку пасиштата на Бистра за Дебар. Селото било стар дербенд. Женетите и неженетите што се регистрирани при пописот биле должни на спахијата да му даваат годишно на име испенџе по 10 акчи. Женетите покрај тоа биле должни да му дадат уште по еден денк жито, и тоа едната половина пченица а другата мешано. Како дервенџии биле олсободени од извонредни и редовни даноци.

Во дефтерот се регистрирани 51 жител од ова село, и тоа 32 старешини на домаќинства и 19 неженети.

Годишните приходи на спахијата од ова село се состоеле од слените давачки:

1. Испенџе ........................................ 510 акчи
2. Пченица 16 товари ............................ 864 „
3. Мешано 16 товари .............................. 480 „
4. Такса за вино ................................... 50 „
5. Пристојба за пасишта ........................ 46 „
6. Нијабет, свадбарина, пољачина и такса за тапија .. 50 „

Годишниот приход на спахијата од ова село изнесува 2000 акчи.[48])

29. Село ВОЛКОВИЈА. — Населението на ова дервенџиско село, кое што се наоѓало на патот што водел од Тетово, било задолжено да направи мост на реката Радика и во исто време да го поправа и одржува патот. Селото било дервенџиско и порано. Обврските кон спахијата тимариот се движат во рамките на пропишаниот износ и количина во самото Кануннаме т. е. на име испенџе се давало по 10 акчи а по однос на жито секој женет давал по еден денк — половината пченица, половината мешано.

Во дефтерот по време на пописот на ова село се регистрирани 45 лица од кои 40 старешини на домаќинства и 5 неженети. Годишниот приход на спахијата од ова село се состоел од следните давачки:

1. Испенџе ........................................ 450 акчи
2. Пченица 10 товари ............................ 540 „
3. Мешано 10 товари .............................. 300 „
4. Такса за вино ................................... 300 „
5. Пристојба за пасишта ........................ 300 „
6. Нијабет, свадбарина, пољачина и такса за тапија .. 624 „

---

[48]) Цитираниот дефтер, — фотокопија бр. 184.

[59]) „ „ , — фотокопија бр. 189.

Вкупниот годишен приход на спахијата од ова село изнесувал 2514 акчи.[50])

## ДЕРВЕНЏИСКИ СЕЛА ВО НАХИЈАТА ЖУПА

30. Село ЈАНБОРИЈА. — Ова е единствено дервенџиско село во Нахијата Жупа. Населението од ова дервенџиско село се обврзало секоја година за потребите на крепоста Коџаџик да доставува по 1000 штици и 50 греди. Заради таа своја обврска е прогласено за дервенџиско и е ослободено само од државните намети наречени „Avariz-i divaniye ve tekalif-i „örfiye", додека останалите шеријатски давачки што му припаѓале на спахијата ги давале во целост, што ќе се види најарно од нашето понатамошно излагање.

По време на пописот на ова село најнапред се регистрирани 10 лица муслимани, од кои 8 старешини на домаќинства и 2 неженети. Од овие 10 души седумте се исламизирани христијани и тоа: Касим Пејо, Мустафа Никола, Хамза негов син т. е. син на Мустафа Никола, Јусуф Петко, Хизир Петре, Али Тодор и Али Мечо. Покрај овие 10 души муслимани, среќаваме уште 6 мина други и тоа тројца како притежатели на баштини и тројца како сопственици на чифлици. Спрема тоа вкупниот број на муслиманите во ова село е 16, од кои како што веќе рековме 7 души се исламизирани христијани. Останалите регистрирани лица се христијани и тоа 60 мина како старашини на домаќинства и 12 како неженети. Од ова село посебно се регистрирани уште 6 души и тоа не како дервенџии а како муселлеми, тоа се: Али Пејчин, Меми негов син, Перване негов брат, Меми Никола, Петко Никола и Пејчин Илко. Од самите лични имиња на овие муселлеми гледаме дека првите четворица се исламизирани христијани, а последните двајца се христијани.

Спрема тоа вкупниот број на регистрираните жители од ова село изнесува 94, од кои 20 муслимани т. е. 11 исламизирани христијани и 9 муслимани, потоа 74 христијани од кои 62 старешини на домаќинства и 12 неженети.

Годишните приходи на спахијата од ова дервенџиско село се состоеле од следните давачки:

1. Испенџе ........................................1950 акчи
2. Пристојба од земјарина и неженети муслимани во износ од ........................................ 188 „
3. Пченица 35 товари ........................................1890 „
4. Јачмен 25 товари ........................................ 750 „
5. 'Рж 30 товари........................................ 900 „
6. Просо 30 товари ........................................ 600 „
7. Овес 22 товари ........................................ 396 „
8. Ушур од шира 200 медри ........................................1200 „

[50]) Цитираниот дефтер, — фотокопија бр. 192.

| | | | |
|---|---|---|---|
| 9. | Ушур од лен | 150 | „ |
| 10. | Ушур од овошје | 25 | „ |
| 11. | Ушур од улишта | 38 | „ |
| 12. | Приход од две воденици | 60 | „ |
| 13. | Пристојба од бостан | 120 | „ |
| 14. | Пристојба за свињи | 40 | „ |
| 15. | Пристојба за текне | 80 | „ |
| 16. | Нијабет, свадбарина, пољачина и такса за тапија | 123 | „ |
| 17. | Приход од муселлемите | 500 | „ |

Вкупниот годишен приход на спахијата од ова село изнесувал 9010 акчи[51]).

## ДЕРВЕНЏИСКИ СЕЛА ВО НАХИЈАТА ДОЛНИ ДЕБАР

На територијата на оваа нахија се регистрирани три дервенџиски села и тоа: Махор,[52]) Полач и Градевиште. Во текстот што е даден во дефтерот под самото село Махор наведени се причините заради кои овие три села се прогласени за дервенџиски. Поправо тука е даден истиот текст што бил во предходниот дефтер. Од досегашните проучувања се знае дека пописите на населението во XV и XVI век се вршел воглавно след секои 5 години. Спрема тоа она што ќе го изнесеме за положбата во Нахијата Долни Дебар се однесува најмалку за 59 години порано т. е. за околу 1578 година. Во тој текст се говори за тоа, дека во Нахијата Долни Дебар (Dibra-i zir) некои бунтовнички и непокорни села, што се наоѓале околу Долно и Горно Гизино се здружиле и вршеле напади и пљачки во другите села, напаѓајќи ги особено муслиманските куќи, така што на нивните побуни и нереди немало крај. Поради ваквата положба населението од селата Махор, Полач, и Градевиште се согласило, под услов ако бидат прогласени за дервенџии, со определен број луѓе да ги чуваат патиштата и да не дозволат да се нанесуваат штети и загуби на вилаетот. Доколку евентуално би дошло до некакви загуби и штети тие се обврзуваат да ги надокнадат. Понатака тие се задолжуваат да го придружуваат службеното лице испратено за собирање на харачот и да му овозможат да го собере тој данок во потполност од населението на тој терен. Населението од овие села се обврзува да му пружа помош и на беговските војводи во фаќањето на бунтовниците.

Како надокнада за извршувањето на горенаведените обврски населението било ослободено од државните намети наречени „Avariz-i divaniye ve tekalif-i „örfiye." Женетите и неженетите на име испенџе давале на спахијата по 10 акчи годишно, а само женетите уште по еден денк жито од кој едната половина пченица а втората мешано. Покрај тоа населението имало да дава и ушур од шира. Така било регистрирано во „стариот дефтер" и истото се регистрирало и во новиот царски дефтер (Defter-i cedit-i hakani).

[51]) Цитираниот дефтер, — фотокопија бр. 175.

[52]) „ „ , — фотокопија бр. 152.

31. Село МОХОР. — Во пописот на ова село се регистрирани вкупно 112 лица; од кои 60 души како старешини на домаќинства и 52 неженети. Прави впечаток дека при сумирањето од страна на попишувачот не се издвоени посебно муслиманите од немуслиманите, како што е правено скоро на секаде. Од самиот попис на личните имиња ние можевме да констатираме дека првите 23 запишани лица се муслимани т. е. 13 души се со имиња и презимиња турски, додека останалите 10 души се со имиња турски а презимиња немуслимански, што значи дека се тие исламизирани немуслимани, односно, Шиптари, зошто од имињата се гледа дека скоро целото немуслинамско населеное е шиптарско.

Приходите на спахијата од населението на ова село се состоеле од следните давачки:

| | | |
|---|---|---|
| 1. Испенце | 1112 | акчи |
| 2. Пченица 15 товари | 810 | „ |
| 3. Мешано 15 товари | 450 | „ |
| 44. Ушур од шира 50 медри | 300 | „ |
| 5. Пристојба за пасишта | 50 | „ |
| 6. Нијабет, свадбарина, пољачина и такса за тапија | 670 | „ |

Вкупниот годишен приход на спахијата од ова село изнесувал 3.400 акчи. Треба да укажеме дека во ова село иако имало и муслимани се пак и тие биле задолжени со по 10 акчи на име испенце, што се гледа најарно од тоа што сите 112 регистрирани лица се задолжени со 1120 акчи на име испенце[53]).

32. Село ПОЛАЧ. — Непосредно след пописот на селото Мохор следи и пописот на селото Полач. Регистрирани се вкупно 35 лични имиња и презимиња, од кои 20 како старешини на домаќинства и 15 неженети. Покрај нив е регистриран и еден чифлик што го поседувал еден муслиманин којшто бил должен да дава ушур и саларие. Како и во предходното село и овде има 10 муслимани а заедно со притежателот на чифликот 11. Од овие 11 околу 7 души се исламизирани немуслимани а останалите се со имиња и презимиња турски. Од самите лични имиња и презимиња се гледа дека и ова село било воглавно шиптарско.

Годишните приходи на спахијата од ова село се состоеле од следните давачки;

| | | |
|---|---|---|
| 1. Испенце | 350 | „, |
| 2. Пченица | 270 | „ |
| 3. Мешано 5 товари | 150 | „ |
| 4. Ушур од лозја | 30 | „ |
| 5. Нијабет, свадбарина, пољачина и такса за тапија | 230 | „ |

Вкупниот годишен приход на спахијата од ова село изнесувал 1038 акчи[54]). И во ова село гледаме дека и муслиманите биле вклучени во давањето на испенце.

---

[53]) Цитираниот дефтер, — фотокопија бр. 152.
[54]) „ „ , — фотокопија бр. 153.

33. Село ГРАДЕВИШТЕ. — Бројот на регистрираните имиња во ова село е ист како и во селото Полач. И во ова село се запишани вкупно 35 имиња, од кои 20 старешини на домаќинства и 20 неженети. Од овие 35 лица, 5 мина се муслимани од кои тројца исламизирани Шиптари.

Обврските кон спахијата се совпаѓаат со оние износи и количини што се предвидени во самото Кануннаме за Охридскиот санџак, односно женетите и неженетите давале на име испенџе по 10 акчи, а само женетите уште и по еден денк жито, од кој едната половина пченица а втората мешано. Што се однесува до дервенџиските задолженија како за ова село така и за предходното ние веќе порано нагласивме во што се состоеле истите.

Населението од ова село било должно да му ги даде на спахијата следните давачки.

| | | |
|---|---|---|
| 1. Испенџе | 350 | акчи |
| 2. Пченица 5 товари | 270 | „ |
| 3. Мешано 5 товари | 150 | „ |
| 4. Ушур од лозја 15 медри | 90 | „ |
| 5. Нијабет, свадбарина, пољачина и такса за тапија | 140 | „ |

Спрема тоа вкупниот годишен приход на спахијата од ова село изнесувал 1000 акчи[55]).

Резимирајќи ги резултатите од посебното излагање за дервенџиските села во осумте нахии на територијата на Охридскиот санџак ќе ги извлечеме следните констатации:

1. Споредувајќи ги натуралните и паричните обврски на населението од овие села кон нивните непосредни феудални господари, независно од тоа дали се тие притежатели на тимари, зеамети или хасови, ние гледаме, најнапред, дека бројот на видовите давачки од оние дервенџии чијшто обврски се сообразени со она што било прописано во Кануннамето за Охридскиот санџак се движат од 7—10, додека тој број на обврски за дервенџиското население чијшто обврски не се сообразени со Кануннамето се движи од 14—25. Врз основа на сумирања и израчунувања за 29 дервенџиски села што се воглавно на територијата на СР Македонија заклучивме дека во просек на еден жител (регистриран) од оние дервенџиски села чијшто давачки биле сообразни со кануннамет му се паѓа да плати годишно околу 37 акчи, додека тој просек за другите изнесува 93 акчи годишно, со други зборови, првите на феудалниот господар му даваат двојно помалку од вторите.

2. Следејќи го етничкиот состав на населението во сите 43 дервенџиски села можевме да констатираме дека со исклучок на неколку села во Нахијата Мокра, во Нахијата Долни Дебар и во единственото село од Нахијата Гора, каде што преовладува шиптарскиот елмент, во сите останалите преовладува славјанскиот елемент. Што се однесува до муслиманскиот елемент положбата е следната:

[55]) Цитираниот дефтер, — фотокопија бр. 153.

Во Охридската нахија само во четири, од вкупно 14 дервенџиски села, се регистрирани и тоа се на се 9 муслимани , од кои 5 мина конвертити т. е. исламизирани христијани. Во единственото дервенџиско село — Јанборија — во Нахијата Жупа се регистрирани 19 муслимани, од кои 10 конвертити, наспроти 74 христијани. Во нахијата Река се регистрирани во две дервенџиски села и тоа во Долно Косоврасти 7 муслимани и во с. Нашенци двајца. Во нахијата Долни Дебар во трите дервенџиски села се регистрирани 39 муслимани, од кои 18 конвертити, и тоа во с. Мохор 23; во с. Полач 11 и во с. Градевиште 5. Во единственото дервенџиско село во Нахијата Гора, наречено Брагуш, се регистрирани 46 муслимани, од кои 33 конвертити, додека бројот на немуслиманите изнесува 36, што значи дека бројот само на конвертитите се ближи кон бројот на немуслиманите, односно тоа говори за една масовна појава на исламизацијата, што се потврдува и со податоците што ги имаме и за другите населби на територијата на Нахијата Гора. Имено во 65 села што спаѓале по ова време во ова нахија се регистрирани 748 муслимани и 1307 немуслимани, што значи дека повеќе од една третина веќе се муслимани. Од друга страна повеќе од 50% од тие муслимани се конвертити, што е најарен доказ дека точно во тој период исламизацијата на тој терен била најинтезивна. Приближно иста е и положбата во Нахијата Долни Дебар како и во Нахијата Мокра; додека тој процес во останалите нахии е знатно поспор во споредба со горенаведените. Во нахијата Мокра се скреќаваат само во четири дервенџиски села муслимани, и тоа сè на сè 14 души, од кои 7 во с. Величани, 3 во во с. Пренас и по двајца во селата Бабино и Мал Камен.

3. По време на пописот во извесен број дервенџиски села се регистрирани баштини и чифлици, при што се дадени податоци кои лица ги притежавале порано чифлиците односно баштините, на кого потоа биле пренесени и кој во моментот на пописот ги поседувал. Прави впечаток дека чифлиците биле воглавно во рацете на муслинани најчесто од редот на јаничарите, спахиите или други лица од власта. Кај баштините се забележува тенденција на минавање од рацете на немуслиманите во рацете на муслимани или во некои случајеви останувале како селски (Ehl-i karye) односно на селското население.

*M. Sokoloski*:

## LES VILAGES DES DERVENDJI DANS LE SANDJAK D'OHRID AU COURS DE LA DEUCIEME PARTIE DU *CIC*ë SIECLE


### *RESUME*

L'auteur de la présente étude s'est servi des données que l'on trouve dans le grand registre de recensement (Defteri mufassal Liva-i Ohri cildelevvel) № 25, de 1582, conservé à Ankara — Turquie.

Le recensement du sandjak d'Odrid effectué à cette époque est enregistré en deux volumes (cild), ce qui ressort des renseignements fournis par le premier volume, que l'auteur a eu dans ses mains. Le sandjak d'Ohrid se trouvait alors composé de 6 cases avec au total 22 nahies, et ceci:

1° La cases d'Ohrid avec trois nahies: celles d'Ohrid, de Prespa et de Debarca;

2° La case de Starova avec les nahies de Gora et de Mokra;

3° La cases de Debar avec les nahies de Dolni Debar, de Gorni Debar, de Župa, de Reka, de Dolgo Brdo et de Čermenci;

4° La case de Mat avec la nahie de Mat;

5° La case d'Akče Hisar avec sept nahies, dont celes de Kurbino, de Malesija, de Tamadiya, de Karli Ili et autres;

6° La case d'Išim avec trois nahies.

Dans le premier volume du registre de recensement on trouve les nahies suivantes: Ohrid, Prespa, Debarca, Gora, Mokra, Dolni Debar, Gorni Debar, Župa et Reka, soit au total 9 nahies.

Exceptée la nahie de Gorni Debar, où il n'y a enregistré aucun village des dervendji (gardiens de défilé), dans les autres nahies il y en a 43: dans la nahie d'Ohrid 14, dans celle de Prespa 5, à Debarca 4, à Reka 6, à Župa 1, à Dolni Debar 3, àGora 1 et à Mokra 9.

Dans la suite de son étude, l'auteur analyse tout d'abord les renseignements consernant la charge de dervendji se trouvant dans le *Kanunname* pour le sandjak d'Ohrid, inserré dans le premier volume du registre de recensement. En comparant les dispositions du Kanunname avec les renseignements fournis après chaque village des dervendji, l'auteur constate que celles- là ne concernaient pas tous les villages des dervendji, qu'il y avait en fait des écarts par rapport à ce qui était prévu par le Kanunname. Et l'auteur à souligner l'inopportunité de l'utilisation unique des renseignements que l'on trouve dans le Kanunname. Car, estime-t-il, si l'on se tient uniquement au Kanunname, on se fera une idée fausse da ce qui était la charge de dervendji et, surtout, des obligations que la raia avait vis-à-vis des seigneurs féodaux, qu'ils fussent des usufruitiers de timars, de zéamets ou de hasses.

Après avoir étudié les renseignements se trouvant dans le registre de recensement, ceux notamment qui se rapportent aux villages des dervendji, l'auteur a pu constater:

1° Qu'il y avait des villages des dervendji dont les obligations vis-à-vis du signeur féodal étaient entièrement identiques aux dispositions du Kanunname.

2° Qu'il y avait des villages des dervendji dont la population était tenue à payer à son spahi, en nature ou en argent comptant, le double des impôts prévus par le Kanunname.

3° Qu'il y avait des villages des dervendji dont la population payait à son spahi les mêmes impôts que l'autre raia.

Dans son exposé, l'auteur cite par endroit les renseignements puisés dans le registre concenrnant les écarts des dispositions du Kanunname. Il ressort de ces citations que la charge des villages des dervendji, que touchaient ces écarts, était „plus facile".

L'auteur s'arrête plus particulièrement à la charge même des villages des dervendji. Il établit, ainsi, quels étaient les localités, les défilés, les routes, les ponts etc. que la population de ces villages devait garder, entretenir et réparer. Il fournit ensuite des renseignements concernant le nombre de familles, de célibataires et des tchifliks, ce qui nous permet de voir l'état numérique de la population de chaque village des dervendji. Puis, il fait voir le montant de l'impôt (uchur) sur les céréales et autres produits, ainsi que celui des autres impositions dont la population était frappée. Ces données nous permettent de nous faire une idée sur la nature de l'occupation de la population et des villages des dervendji le genre d'articles agricoles qu'elle produisait. D'un intérêt particulier sont les données que fournit l'auteur aur la structure ethnique de la population, établie sur les noms et prénoms des habitants de chaque village des dervendji à part. L'auteur fait voir également quelle était la repartition de l'élément musulman et non musulman et constate que la population de cartains villages était convertie à l'islamisme et que l'islamisation, dans, quelques-une entre eux, s'opérait en masse. Ces donnée sont, selon l'auteur d'une importance particulière pour l'étude ultérieure de la structure ethnique de ces régions.

En ce qu'il est des privilèges et recompenses offerts à la population des villages des dervendji pour les services rendus, il est dit formellement qu'après s'être acquittée de ses devoirs et de ses obligations vis-à-vis des seigneurs féodaux-les spahis — elle était exempte des impositions régulière et irrégulières dues à l'Etat, tel l',,avariz-i divaniye ve tekâlif-i örfiye".